

# Шумите мора да бидат приоритет на државата

Во моментот државата се соочува со пожари во повеќе шумски подрачја кои предизвикуваат штета во голем обем. Само во периодот од 2018 до 2022 година пожарите предизвикале штета на вкупно 32.946 хектари шума. Водејќи се од овој податок, МЗМП дава преглед на клучните институции за заштита и управување со шумите и предизвиците кои се јавуваат во процесот, па следствено на тоа и реформите кои треба да се направат за да се зголеми нивната заштита.

---



**Стопанисувањето со шумите е поделено помеѓу Јавното претпријатие „Национални шуми“ и сопствениците на приватни шуми, односно Националните паркови или субјектите кои управуваат со другите облици на заштитени подрачја.**

Анализата за шуми на МЗМП, укажува на формално исполнување на обврските, но и на сериозни предизвици во поглед на суштинското функционирање, па така:

- Потребно е ревидирање на системот на следење на остварувањето на стратешките насоки;
- Работните задачи се извршуваат врз основа на расположливите ресурси и во голем дел се детерминирани од нив;
- Во определни ентитети има преклопување на надлежностите.



**Заштитата од пожарите е пред се обврска на Центарот за управување со кризи (ЦУК) и Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС).**

Мерки за заштита од пожари треба да преземаат и субјектите кои управуваат со шумите. **Законот за шумите** предвидува донесување Национален план за управување со пожари на отворен простор и формирање Национален комитет за спроведување на ваквиот план:

- Постои преклопување во надлежностите помеѓу ЦУК и ДЗС;
- Не е донесен Националниот план за управување со пожари на отворен простор, ниту е формиран Националниот комитет;
- Последната Национална стратегија за заштита и спасување била важечка до 2018 година;
- Владата никогаш не го донела Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Републиката;
- Владата никогаш не ја донела Процената на загрозеноста на безбедноста на Републиката од сите ризици и опасности, додека методологијата за нејзината изработка била донесена дури во 2023 година.




**Уште во 2007 година биле идентификувани состојби кои се сè уште актуелни:**

- Најголем број на пожари во Републиката се случуваат на шумски површини и други отворени простори.
- Шумските пожари предизвикуваат значителни материјални штети во стопанството, а се загрозува и функцијата на шумите во зачувување на човековата околина, земјиштето, сообраќајниците и низа други општо корисни функции што ги овозможува шумата.
- Најголем дел од пожарите е предизвикан од луѓето со нивното несоодветно однесување и негрижа при престој во шумските комплекси.
- Општите безбедносни состојби во оваа област се уште не се на потребното ниво.
- Во однос на противпожарните единици:
  - Дел од нив не се способни за гасење на средни и големи пожари како и за спасување на луѓе и имот загрозени од пожарот.
  - Тие не се кадровски пополнети и обезбедени со материјално-технички средства и опрема, согласно важечките стандарди.
  - Постојните противпожарни возила и опрема се постари од 10 години, а добар дел од возилата се во употреба 30 и повеќе години како такви се неисправни или со сомнителна техничка исправност што има битно влијание во однос на ефикасноста на средствата како и безбедната употреба на истата.
  - Старосната структура на пожарникарите е неповолна, имајќи предвид дека околу 35% имаат преку 40 години, што значи не се во полна физичка кондиција за брзо и ефикасно делување при појава на пожар.
  - Единиците на локална самоуправа не издвојуваат доволно финансиски средства за опремување на противпожарните единици.
- Обученоста на граѓаните за гасење на пожари, ракувањето со противпожарните средства, свеста за потребата за придржување и спроведување на превентивните мерки не е на задоволително ниво.

---

**Предизвикувањето шумски пожар и предизвикувањето штета на тој начин врз шумите е кривично дело предвидено во Кривчниот законик во главата на кривични дела против животната средина. Во зависност од причинетата штета, казната за сторено вакво кривично дело може да се движи од парична казна до казна затвор во траење од 20 години.**

- На судскиот портал може да се најде само една кривична пресуда за кривичното дело „предизвикување шумски пожар“, а за што е изречена алтернативна мерка – условна осуда. Најчесто предизвикувањето пожари кои зафаќаат шуми се казнува според кривичното дело „предизвикување општа опасност“.
- Само 43,36% од пријавените кривични дела против животната средина завршиле со обвинение во изминатите 5 години, но нема посебна статистика за кривичното дело „предизвикување шумски пожар“
- За кривичните дела против животната средина во изминатите 5 години, 15 пати била изречена казна затвор и 107 пати била изречена парична казна.
- При определувањето на предизвиканата штета се зема економски предизвиканата штета, но не и ефектите по животната средина.




- Потребно е да се ревидира системот за управување со кризи, односно за заштита и спасување за да се отстранат преклопувањето во документи кои ги предвидуваат двата закони и надлежностите кои се предвидени за Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.
- Потребно е редовно да се изработуваат, донесуваат, спроведуваат и изменуваат сите стратешки документи кои се предвидени за заштита на шумите, односно заштита од пожари.
- Потребно е предвидување повисоки финансиски средства за:
  - Модернизирање на противпожарната опрема и кадар.
  - Технологии и средства за превенција од пожари и рано предупредување од ризици, односно од шумски пожари.
  - Инвестирање во опрема и капацитетите на МВР и обвинителството за ефикасни истраги кои ќе водат до прибирање доволно докази за сторено кривично дело „предизвикување шумски пожар“.
  - Заострување на казнената политика во однос на кривичните дела од главата против животната средина, вклучително и кривичното дело „предизвикување шумски пожар“.
  - Потребно е државата да донесе **Закон за климатска акција** и да предвиди соодветна митигација на климатските промени и глобалното затоплување, а со тоа и превенција од настанување на пожари на шумски подрачја.